Врз основа на член 18 став (7) од Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија", бр. 62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 и 151/21) министерот за финансии донесе

# Правилник за начинот и постапката за издавање и исплата на државните хартии од вредност на домашниот финансиски пазар

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката за издавање и исплата на државните хартии од вредност на домашниот финансиски пазар (во понатамошниот текст: државни хартии од вредност).

Член 2

Одделни поими употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1. **Државна хартија од вредност** е краткорочна или долгорочна должничка хартија од вредност, која ја издава Република Северна Македонија, со цел прибирање на парични средства и истата може да има специфичен назив одреден од страна на издавачот.

2. **Државен запис** е должничка хартија од вредност со рок на достасување пократок од една календарска година од денот на издавањето, која ја издава Република Северна Македонија со цел прибирање на парични средства.

3. **Државна обврзница** е должничка хартија од вредност со рок на достасување подолг од една календарска година од денот на издавањето, која ја издава Република Северна Македонија со цел прибирање на парични средства.

4. **Издавач** е Република Северна Македонија, претставена преку Министерството за финансии.

5. **Агент** е Народната банка на Република Северна Македонија.

6. **Овластен директен учесник** е банка во Република Северна Македонија, која може да купува и продава државни хартии од вредност за своја сметка или за сметка на индиректните учесници и која има склучено договор за учество на примарен пазар на државни хартии од вредност.

7. **Индиректен учесник** е правно или физичко лице, кое купува државни хартии од вредност преку овластен директен учесник.

8. **Регистар** е Централниот депозитар за хартии од вредност.

9. **Електронски систем** е електронскиот систем за пазарни операции на Народната банка на Република Северна Македонија, преку кој се спроведуваат аукциите на државни хартии од вредност.

10. **Календар** е однапред објавен распоред на планирани аукции на државни хартии од вредност.

11. **Аукција** е техника на издавање на државни хартии од вредност, при која овластените директни учесници праќаат понуди за купување државни хартии од вредност до агентот и нивно прифаќање од издавачот.

12. **Цена** е куповна односно продажна цена на државните хартии од вредност, вообичаено изразена за 100 парични единици хартија од вредност.

13. **Неконкурентна понуда** е понуда за купување државни хартии од вредност, при што се аукцира само со износ додека цената е еднаква на пондерирана (просечна) цена (каматна стапка) постигната на аукција.

14. **Правило за лимитирано учество** е ограничување на аукцираниот износ за секој поединечен учесник на аукција (овластен директен учесник или индиректен учесник) кој не може да надмине одреден процент од понудениот износ во проспектот за аукција на државни записи и/или проспектот за аукција на државни обврзници.

15. **ИСИН ознака (ISIN - International Securities Identification Number)** е меѓународен код за идентификација, кој се доделува на хартиите од вредност, издадени на финансиските пазари.

16. **Работен ден** е секој работен ден на Македонскиот интербанкарски платен систем (МИПС) воспоставен согласно закон.

17. **Книга на иматели на државни хартии од вредност** е книга на податоци за состојбата на сопственоста на имателите на државни хартии од вредност.

Член 3

Државните хартии од вредност се издаваат во домашна валута со или без девизна клаузула и се водат како електронски запис во Регистарот.

Член 4

Државните записи се издаваат и исплатуваат по номинална

вредност, а се продаваат на примарниот пазар по дисконтирана вредност.

Државните обврзници се издаваат и исплатуваат по номинална вредност, а се продаваат на примарниот пазар по цена постигната на аукцијата и до нивното достасување носат полугодишна или годишна купонска камата.

## II. УЧЕСНИЦИ НА ПРИМАРЕН ПАЗАР

### 1. Издавач на државни хартии од вредност

Член 5

Издавачот го определува износот на секоја емисија на државни хартии од вредност, кои се продаваат по пат на аукција.

Издавачот пред секоја емисија одлучува дали издавањето на државните хартии од вредност во домашна валута ќе биде со или без девизна клаузула.

При издавање на државни хартии од вредност со специфичен назив издавачот одлучува дали државните хартии од вредност на примарниот пазар ќе се понудат на правни и/или физички лица.

Овластените директни учесници на аукцијата на државни хартии од вредност на примарниот пазар треба да овозможат да учествуваат само субјектите наведени во проспектот.

При издавање на државни хартии од вредност со специфичен назив издавачот во фуснота во проспектот објавен на својата интернет страница дава појаснување за државните хартии од вредност.

Покрај работите од ставовите 1, 2, 3 и 5 на овој член, издавачот ги врши и следните работи:

- изготвување и објава на календар;
- одржување на функционален пристап на електронскиот систем;
- дефинирање и објава на проспект за секоја емисија;
- одредување на купонската камата доколку државните обврзници се продаваат по однапред определен купон;
- авторизација и објава на резултатите од одржаната аукција;
- врши проверка на уплатата на купените државни хартии од вредност;
- доставување на овластување до агентот за регистрирање на сопственоста на државните хартии од вредност, стекнати на примарен пазар;
- исплата на достасаните државни хартии од вредност;
- исплата на купони на државните обврзници и
- следење на тргувањето со државни хартии од вредност на секундарниот пазар.

Издавачот ја информира јавноста на својата web страна за календарот, на почетокот на периодот за кој се однесува.

Издавачот ја информира јавноста на својата web страна за секоја емисија на државни хартии од вредност, како и за резултатите од истата.

Пазарните посредници и институционализираните пазари на дневна основа ги известуваат издавачот и агентот за склучените трансакции со државни хартии од вредност на институционализираните пазари и надвор од институционализираните пазари, на соодветни обрасци.

## 2. Агент за издавање на државни хартии од вредност

Член 6

Издавачот и агентот меѓусебно ги уредуваат односите во врска со издавањето на државните хартии од вредност.

Член 7

Агентот во врска со издавањето на државни хартии од вредност:

- воспоставува, одржува и на барање на издавачот го надградува електронски систем за спроведувањена аукции;
- организира аукции на државни хартии од вредност;
- прибира податоци за сопственоста на државните хартии од вредност од овластените директни учесници и
- доставува податоци за емисијата (купонска каматна стапка и датуми на исплата на купонот) и за сопственоста на државните хартии од вредност до Регистарот.

## 3. Овластени директни учесници

Член 8

Овластените директни учесници со издавачот и агентот меѓусебно ги уредуваат односите во врска со издавањето на државните хартии од вредност.

Член 9

Овластените директни учесници директно учествуваат на аукција на државни хартии од вредност.

Член 10

Овластените директни учесници воспоставуваат комуникациска врска со електронскиот систем.

Член 11

Овластените директни учесници ги вршат работите поврзани со:

- одржување на функционален пристап на електронскиот систем;

- информирање на индиректните учесници за условите на емисијата;
- прибирање на барања од индиректните учесници;
- доставување на понуди до агентот или до издавачот доколку е тоа однапред дефинирано во проспектот. Во овој случај понудите се доставуваат во електронска форма;
- информирање на индиректните учесници за резултатите од аукцијата на државни хартии од вредност;
- доставување на податоци за индиректните учесници со успешни понуди по завршување на аукцијата согласно член 48 односно член 49 од овој правилник, како и доставување на кои било други податоци кои се меѓусебно договорени;
- уплата на износот на купените државни хартии од вредност на сметка на издавачот и
- доставување на Овластување за задолжување на сметка до агентот.

### 4. Индиректни учесници

Член 12

Индиректен учесник е резидент и/или нерезидент.

Индирекните учесници со овластените директни учесници меѓусебно ги уредуваат односите во врска со државните хартии од вредност.

## III. ИЗДАВАЊЕ НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 13

Издавањето на државни хартии од вредност опфаќа иницијална продажба на државните хартии од вредност од страна на издавачот и нивно регистрирање.

Иницијалната продажба се врши преку спроведување на аукции, а прибраните парични средства се на располагање на издавачот.

Исклучок од став 2 на овој член се државните хартии од вредност кои се издаваат за други намени, во функција на монетарната политика, дополнително утврдени и регулирани од издавачот.

Иницијалната продажба се смета за конечна со регистрирање на државните хартии од вредност во Регистарот, на сметки на имателите.

### 1. Организирање на аукција на државни хартии од вредност

Член 14

Аукциите се спроведуваат преку електронскиот систем за спроведување на аукции на кој пристап имаат само агентот, издавачот и овластените директни учесници.

За начинот на поврзување со примарната и резервната локација, издавачот и овластените директни учесници добиваат "Технички инструкции за начинот на поврзување со електронскиот систем на Народна банка на Република Северна Македонија".

Пристапот на издавачот и на овластените директни учесници се контролира, при што контролата е комплексна и се состои од неколку целини:

- поврзувањето на издавачот и на овластените директни учесници на аукциите се воспоставува согласно Одлуката за поврзување со информатичкиот систем на Народната банка на Република Северна Македонија и
- секој обид за неавторизиран пристап во електронскиот систем се одбива и евидентира од страна на агентот.

Начинот на користење на електронскиот систем е детално опишан во "Технички инструкции за работа со државни хартии од вредност преку електронски систем на Народна банка на Република Северна Македонија за агентот", "Технички инструкции за работа со државни хартии од вредност преку електронски систем на Народна банка на Република Северна Македонија за издавачот" и "Технички инструкции за работа со државни хартии од вредност преку електронски систем на Народна банка на Република Северна Македонија за овластениот директен учесник".

## 1.1 Проспект за аукција на државни хартии од вредност

Член 15

Аукциите на државни хартии од вредност се спроведуваат согласно датуми на одржување утврдени во Календарот.

Член 16

Издавачот на државните хартии од вредност при спроведување на аукциите може да користи:

- тендер со каматни стапки [тендер со повеќекратни цени (американски тип) и тендер со единствена цена (холандски тип)] или
- тендер со износи.

Член 17

Издавачот дефинира два типа на проспекти: проспект за аукција на државни записи и проспект за аукција на државни обврзници.

Издавачот до 14:00 часот во работниот ден, а најдоцна четири работни дена пред денот на одржување на аукцијата го дефинира

проспектот за аукција на државни записи и/или проспектот за аукција на државни обврзници и преку електронскиот систем го доставува до агентот.

Агентот, во 14:30 часот истиот ден, преку електронскиот систем ги упатува проспектите од став 2 на овој член до сите овластени директни учесници.

Член 18

Во проспектот за аукција на државни записи се наведуваат следните услови за учество на аукција:

- датум на одржување на аукцијата;
- време на одржување на аукцијата и време на прием на понуди за учество на аукцијата;
- тип на тендер за спроведување на аукцијата;
- ознака на аукција во еден од следните формати DZYYYY/N-D или DZYYYY/N-Ddk:
- кратенката DZ означува дека станува збор за записи на државата;
- броевите YYYY ја означуваат годината кога записите се издадени;
- на местото на N стои редниот број на аукцијата која се одржува во тековната година;
- на местото на D се наведува бројот на денови на достасување на државните записи;
- кратенката dk во форматот DZYYYY/N-Ddk означува дека станува збор за државни записи во домашна валута со девизна клаузула;
- ИСИН ознака на државниот запис;
- номинален износ на државните записи, кој се нуди за продажба на аукцијата;
- со или без девизна клаузула;
- рок на уплата на државните записи, во работни денови;
- датумот на уплата на државните записи;
- сметка на издавачот за уплата за државни записи;
- број на денови на достасување на државните записи;
- датумот на достасување на државните записи;
- цена, односно каматна стапка по која се нудат државните записи при тендер со износи,
- шпекулативен процентуален поен или минимална цена, односно, максимална каматна стапка;
- процент од номиналниот износ на државни записи кој ќе се распредели на неконкурентни понуди, во случај издавачот да одлучи да одобри продажба на државни записи по неконкурентни услови;

– информација за начинот на регистрирање на државните записи согласно член 48 односно член 49 од овој правилник;

– времето на прием на понуди кои овластените директни учесници ги прибираат во име на индиректните учесници пред одржување на аукцијата на државни записи со специфичен назив;

– видот на субјекти кои можат на примарниот пазар да се стекнат со државни записи со специфичен назив;

– податоци за правата кои произлегуваат и се однесуваат на државните записи со специфичен назив и

– информација за можноста за предвремен откуп на државните записи.

Во проспектот за аукција на државни обврзници се наведуваат следните услови за учество на аукција:

– датум на одржување на аукцијата;

– време на одржување на аукцијата и време на прием на понуди за учество на аукцијата;

– тип на тендер за спроведување на аукцијата;

– ознака на аукција во еден од следните формати DOYYYY/N-MMGG или DOYYYY/N-MMGGdk:

– кратенката DO означува дека станува збор за обврзници на државата;

– броевите YYYY ја означуваат годината кога обврзниците се издадени;

– на местото на N стои редниот број на аукцијата која се одржува во тековната година;

– на местото на MMGG се наведува месецот и годината на достасување на државните обврзници;

– кратенката dk во форматот DOYYYY/N-MMGGdk означува дека станува збор за државни обврзници во домашна валута со девизна клаузула;

– ИСИН ознака на државната обврзница;

– номинален износ на државните обврзници, кој се нуди за продажба на аукцијата;

– со или без девизна клаузула;

– купонска каматна стапка;

– број на купони годишно;

– датуми на достасување и исплата на купонот;

– рок на уплата на државните обврзници, во работни денови;

– датумот на уплата на државните обврзници;

– сметка на издавачот за уплата за државни обврзници;

– број на години на достасување на државните обврзници;

- датум на достасување и исплата на државните обврзници;
- каматна стапка по која се нудат државните обврзници при тендер со износи,
- шпекулативен процентуален поен или минимална цена, односно, максимална каматна стапка;
- процент од номиналниот износ на државни обврзници кој ќе се распредели на неконкурентни понуди, во случај издавачот да одлучи да одобри продажба на државни обврзници по неконкуренти услови;
- информација за начинот на регистрирање на државните обврзници согласно член 48 односно член 49 од овој правилник;
- времето на прием на понуди кои овластените директни учесници ги прибираат во име на индиректните учесници пред одржување на аукцијата на државни обврзници со специфичен назив;
- видот на субјекти кои можат на примарниот пазар да се стекнат со државни обврзници со специфичен назив;
- податоци за правата кои произлегуваат и се однесуваат на државните обврзници со специфичен назив и
- информација за можноста за предвремен откуп на државните обврзници.

Член 19

Овластените директни учесници ги информираат индиректните учесници за претстојната емисија на државни хартии од вредност преку непосреден контакт, телефон, писмено, web страна.

## 1.2 Понуди за аукција на државни хартии од вредност

Член 20

Овластените директни учесници го пријавуваат своето учество на аукциите со понуди за купување на  државни хартии од вредност преку електронскиот систем.

По исклучок од став 1 на овој член, при издавање на државни хартии од вредност со специфичнен назив овластените директни учесници до агентот доставуваат понуди преку електронскиот систем и до издавачот доставуваат понуди преку збирен извештај по електронски пат. Збирниот извештај покрај податоците кои се доставуваат до агентот содржи и единствен број за идентификација (ID број) за секој поединечен индиректен учесник кој е поврзан со понудите за купување на државни хартии од вредност на индиректните учесници и распределените износи утврдени од издавачот.

Овластените директни учесници на аукциите на државни хартии од вредност можат да поднесат понуди во свое име и за своја сметка или во свое име и за сметка на индиректните учесници.

Член 21

Овластените директни учесници прибираат барања од индиректните учесници.

Овластените директни учесници водат електронска евиденција за примените барања.

На писмено барање на издавачот или агентот, овластените директни учесници ја доставуваат евиденцијата од став 2 на овој член.

Член 22

Понудите за учество на аукции се доставуваат преку електронскиот систем во времето на прием на понуди за учество на аукцијата, утврдено во проспектот за аукција на државни записи и/или проспектот за аукција на државни обврзници.

Кога поединечен овластен дидректен учесник не може да ја/ги достави понудата/понудите до агентот преку електронскиот систем од технички причини во дефинираното време од проспектот за аукција на државни записи и/или проспектот за аукција на државни обврзници, потребно е понудата/понудите да се достави/достават по електронски пат е маил или по факс до издавачот во рок од 15 минути по истекот на времето за прием на понуди за учество на аукцијата, по предходна телефонска најава во Секторот за управување со јавен долг при Министерството за финансии.

Документот со понудата/понудите што се доставува/доставуваат по факс треба да ги содржи следниве податоци:

1. Меморандум на овластениот директен учесник;
2. Информација дали понудата е во свое име и за свој сметка или за сметка на индиректен учесник;
3. Ознака на аукцијата на државни хартии од вредност;
4. ИСИН ознака на хартии од вредност;
5. Износ на понудата;
6. Цена (каматна стапка) со која се аукцира и
7. Потпис на овластено лице и печат на институцијата.

Член 23

Секој овластен директен учесник може да достави неограничен број на понуди за купување на аукциите на државни хартии од вредност.

За секој индиректен учесник се доставува посебна понуда. Доколку еден индиректен учесник во барањето има наведено повеќе различни цени, за секоја цена се доставува посебна понуда.

Член 24

Овластениот директен учесник, доколку купува државни записи, треба да ги внесе во електронскиот систем следните елементи од понудата, по претходно назначување за чија сметка купува:

- износ во денари и
- цена со точност од четири децимали на 100 парични единици

номинална вредност, при тендер со каматни стапки.

Формула за цена:

$$P = 100 * \frac{1}{1 + \frac{R * n}{36{,}000}}$$

P=цена
R=годишна каматна стапка (во %)
n=достасување (број на денови).

При пресметка на цената на државните записи се користи стандардот actual/360 односно календарски број на денови во месецот/360 денови во годината.

Овластениот директен учесник, доколку купува државни обврзници, треба да ги внесе во електронскиот систем следните елементи од понудата, по претходно назначување за чија сметка купува:

- износ во денари и
- цена со точност од 0,005 процентни поени, на 100 парични единици номинална вредност, при тендер со каматни стапки.

Формула за чиста цена на државна обврзница која носи полугодишна или годишна купонска камата:

$$P = \sum_{k=1}^{n} \frac{\frac{c}{t}}{(1+\frac{R}{t})^{(k-1+\frac{a}{e})}} + \frac{N}{(1+\frac{R}{t})^{(n-1+\frac{a}{e})}} - (\frac{c}{t} \times \frac{A}{e})$$

Под чиста цена се подразбира бруто цена намалена за акумулирана (accrued) камата која се јавува поради несовпаѓање на почетокот на купонскиот период и уплатата на државните обврзници. На примарен пазар, при иницијална аукција, бруто и чиста цена се идентични.

P=цена
N=100 парични единици номинална вредност
R=годишна стапка на принос (во %)
t=број на купони годишно
A=број на денови од почетокот на купонскиот период до денот на уплата на државна обврзница, доколку почетокот на купонскиот период и уплата на обврзниците не се на ист датум
a= број на денови од уплата на државна обврзница до следниот купон
n=број на цели купони од уплата до достасување
e=број на денови во купонскиот период во кој се случува уплатата
c=годишна купонска камата (во %)
к= реден број на купони.

Во случај на повторно отварање на одржана аукција на недостасани државни хартии од вредност се применува следната формула за бруто цена:

$$P=\sum_{k=1}^{n}\frac{\frac{c}{t}}{(1+\frac{R}{t})^{(k-1+\frac{a}{e})}}+\frac{N}{(1+\frac{R}{t})^{(n-1+\frac{a}{e})}}$$

P=цена
N= 100 парични единици номинална вредност R=годишна стапка на принос (во %)
t=број на купони годишно
a= број на денови од порамнувањето до следниот купон
n=број на цели купони од порамнувањето до достасување
e=број на денови во купонскиот период во кое се случува порамнувањето
c=годишна купонска камата (во %)
к= реден број на купони.

Бруто цената која се пресметува при повторно отварање на одржана аукција на недостасани државни хартии од вредност, ја содржи аукумулиранта камата од почетокот на купонскиот период во кој се врши повторнот отварање до денот на уплата на државните обврзници купени на повторно отворената аукција.

Купонот е еднаков за сите пресметковни периоди до достасување на државните обврзници и се пресметува по формулата:

$$C=N\times\frac{c}{t}$$

Во случај кога периодот за кој се исплатува купонска камата е различен во однос на стандардниот период за пресметка на купонот се применува следната формула:

$$C=N\times\frac{c}{t}\times\frac{A}{e}$$

C=купон во апсолутен износ
N=главница
c=годишна купонска камата (во %)
t=број на купони годишно
A=број на денови од почетокот на купонскиот период до денот на порамнување
e=број на денови во купонскиот период во кое се случува порамнувањето.

При пресметката на цената на државните обврзници и купонот се користи стандардот actual/actual односно календарски број на денови во месец/календарски број на денови во година.

Член 25

Овластениот директен учесник може да ја отповика или промени понудата само во времето на прием на понуди за учество на аукцијата, утврдено во проспектот за аукција на државни записи и/или проспектот за аукција на државни обврзници.

Доставените понуди се неотповикливи по истекот на времето од став 1 на овој член.

Член 26

Во времето на прием на понуди за учество на аукцијата, утврдено во проспектот за аукција на државни записи и/или проспектот за аукција на државни обврзници, агентот и издавачот немаат увид во податоците на понудите.

Агентот и издавачот обезбедуваат тајност на условите понудени од учесниците на аукциите.

Овластените директни учесници немаат увид во понудите на останатите овластени директни учесници.

Овластените директни учесници обезбедуваат тајност на условите понудени од индиректните учесници.

## 1.3 Резултати од аукција на државни хартии од вредност

Член 27

По истекот на времето за прием на понуди, електронскиот систем програмски ги подредува понудите во опаѓачки редослед, почнувајќи од понудата со највисока цена до понудата со најниска цена и врши распределба спрема одредени принципи.

Член 28

При тендер со повеќекратни цени, државните хартии од вредност се распределуваат по цени-каматни стапки од успешните понуди на учесниците.

Доколку се случи повеќе учесници да понудат иста цена-каматна стапка, а вкупната побарувачка ја надминува понудата на издавачот, понудите со најниска прифатена цена се распределуваат сразмерно на вкупниот аукциран износ од сите понуди за купување на државни хартии од вредност по најниска прифатена цена согласно принципот на сразмерна распределба утврден во член 32 од овој правилник.

Член 29

При тендер со единствена цена, државните хартии од вредност се распределуваат по најниска цена-највисока каматна стапка од успешните понуди на учесниците.

Доколку се случи повеќе учесници да понудат иста цена-каматна стапка, а вкупната побарувачка ја надминува понудата на издавачот, понудите со најниска прифатена цена се распределуваат сразмерно на вкупниот аукциран износ од сите понуди за купување на државни хартии

од вредност по најниска прифатена цена согласно принципот на сразмерна распределба утврден во член 32 од овој правилник.

Член 30

Во случај на примена на тендер со износи, кога вкупната побарувачка ја надминува понудата, понудите се распределуваат сразмерно на аукцираниот износ за купување на државни хартии од вредност согласно принципот на сразмерна распределба утврден во член 32 од овој правилник.

Член 31

При утврден процент од номиналниот износ на понудени државни хартии од вредност кој ќе се распределува на неконкуренти понуди, доколку износот на неконкурентни понуди го надмине утврдениот износ за распределба, неконкурентите понуди се распределуваат по принципот на сразмерна распределба утврден во член 32 од овој правилник.

Во случај кога побарувачката за неконкурентни понуди е поголема од утврдениот износ за неконкурентни понуди во проспектот, а побарувачката за конкурентни понуди е помала од утврдениот износ за конкурентни понуди во проспектот, реализацијата на неконкурентни понуди ќе биде зголемена така што вкупната реализација (конкурентни и неконкурентни) да не го надминува вкупниот понуден износ.

Во случај кога побарувачката за неконкурентни понуди е помала од утврдениот износ за неконкурентни понуди во проспектот, а побарувачката за конкурентни понуди е поголема од утврдениот износ за конкурентни понуди во проспектот, реализацијата на конкурентни понуди ќе биде зголемена така што вкупната реализација (конкурентни и неконкурентни) да не го надминува вкупниот понуден износ.

Член 32

Формула за пресметка на сразмерна распределба:

$$Ap = A * (V2 / V1)$$

Ap=прифатен дел од понудата на овластениот директен учесник;
A=аукциран износ на овластениот директен учесник;
V1= вкупен аукциран износ од сите понуди и
V2= вкупен износ кој издавачот ќе го прифати од сите понуди.

Доколку при сразмерната распределба, како резултат на математичко заокружување на распределените износи на 10.000 денари, се јави потреба од зголемување на реализираниот износ, издавачот може да го зголеми реализираниот износ во однос на понудениот.

Во случај на тендер со износи, како резултат на математичкото заокружување, може да се употреби метод на случаен избор или метод на временски приоритет на доставена понуда на учесникот.

При издавање на државни хартии од вредност со специфичен назив, издавачот ги известува агентот и овластените директни учесници за методот на распределба на понудите, во текот на истиот работен ден или најдоцна до 12 часот наредниот работен ден.

Член 33

Издавачот може да ги одбие понудите на овластените директни учесници, кои се сметаат за шпекулативни понуди.

Шпекулативна понуда се смета онаа понуда чија што цена е пониска од просечната цена за шпекулативниот процентуален поен, објавен во проспектот за аукција на државни записи и/или проспектот за аукција на државни обврзници.

Просечната цена од став 2, се пресметува како пондерирана вредност од понудите со најниска цена, а кои сочинуваат една половина од вредноста на сите понуди на аукцијата.

Член 34

Издавачот може да ја издаде истата или било која друга помала или поголема сума на државни хартии од вредност од онаа утврдена во проспектот на поединечните аукции на државни хартии од вредност.

На крајот на фискалната година износот на нето задолжување преку државните хартии од вредност не треба да го надминува максималниот износ на нето задолжување преку државни хартии од вредност утврден во одлуката на Владата на Република Северна Македонија.

Издавачот може да ја издаде истата или било која друга помала сума на државни хартии од вредност од онаа доставена во секоја поединечна понуда.

Член 35

Во периодот по истекот на времето на прием на понуди за учество на аукцијата, до истекот на времето на одржување на аукцијата, утврдено во проспектот за аукција на државни записи и/или проспектот за аукција на државни обврзници, издавачот пристапува на електронскиот систем и врши авторизацијана резултатите од аукцијата на државни хартии од вредност и го известува агентот.

Член 36

Резултатите од аукцијата содржат успешни и/или неуспешни понуди.

Прифатените понуди ќе се реализираат според понудените услови и во согласност со резултатите од аукцијата.

Сите неприфатени понуди на аукцијата остануваат без последици по издавачот.

Член 37

По авторизацијата на резултатите од аукциите на државни хартии од вредност од страна на издавачот, агентот ги објавува резултатите од

аукциите на државни хартии од вредност преку електронскиот систем.

Секој овластен директен учесник преку електронскиот систем има пристап до сопствените резултати од аукцијата, во кој се содржани:

- износ на успешни понуди и цени по кои се реализираат успешните понуди и
- износ на неуспешни понуди и нивни цени.

Член 38

При издавање на државни хартии од вредност со специфичен назив, покрај резултатите во електронскиот систем, овластените директни учесници добиваат и известување за успешните понуди од страна на издавачот, во текот на истиот работен ден или најдоцна до 12 часот наредниот работен ден.

Член 39

Сите овластени директни учесници преку електронскиот систем имаат пристап до вкупните резултати од аукциите.

По исклучок од став 1 на овој член, при издавање на државни хартии од вредност со специфичен назив, овластените директни учесници добиваат информација за резултатите од аукцијата и за распределените износи на индиректните учесници преку збирни извештаи разменети по електронски пат, при што поврзувањето на понудата со распределбата се врши преку единствен број за идентификација (ID број) согласно член 20 став 2 од овој правилник.

Член 40

Во случај на тендер со повеќекратни цени, вкупните резултати од аукцијата содржат податоци за вкупната понуда, побарувачка и реализираниот износ, за пондерираната (просечна) цена (каматна стапка) на аукцијата, како и за минималната и максималната цена (каматна стапка) од успешните понуди.

Пондерираната (просечна) цена (каматна стапка) се пресметува по следната формула:

Формула за пондерирана цена (каматна стапка)= $\dfrac{\sum_{i=1}^{n} Pi * Ai}{\sum_{i=1}^{n} Ai}$

P=цена (каматна стапка) на успешна понуда
A=номинален износ на успешна понуда
n=број на понуди.

Член 41

Во случај на тендер со единствена цена, вкупните резултати од аукцијата содржат податоци за вкупната понуда, побарувачка и реализираниот износ, за пондерираната (просечна) цена (каматна стапка) на аукцијата, максималната цена (минимална каматна стапка), како и за минималната цена (максимална каматна стапка), по која се

реализираат сите успешни понуди.

Член 42

Во случај на тендер со износи, вкупните резултати од аукцијата содржат податоци за вкупната понуда, побарувачка и реализираниот износ.

Член 43

По приемот на резултатите од аукцијата на државни хартии од вредност преку електронскиот систем, овластените директни учесници ги известуваат индиректните учесници за поединечните и вкупните резултати од аукцијата на државни хартии од вредност на соодветен начин, до крајот на работниот ден.

По исклучок од став 1 на овој член во случај на аукција за издавање на државни хартии од вредност со специфичен назив за кои издавачот во проспектот определил овластените директни учесници да го применуваат член 49 од овој правилник, истите може да ги известат индиректните учесници за поединечните и/или вкупните резултати од аукцијата на државни хартии од вредност, наредниот ден од денот на прием на резултатите преку електронскиот систем и/или примени преку збирните извештаи разменети по електронски пат со издавачот/агентот согласно член 39 став 2 од овој правилник.

### 1.4 Повторно отворање на аукции на државни хартии од вредност

Член 44

Издавачот може да спроведе повторно отворање на одржани аукции на недостасани државни хартии од вредност, за што го известува агентот.

Повторното отворање на одржани аукции ги има истите карактеристики со иницијалната аукција.

Издавачот и агентот на соодветен начин ги известуваат овластените директни учесници и индиректните учесници за времето на одржување на повторното отворање.

### 1.5 Вонредни аукции на државни хартии од вредност

Член 45

Издавачот може да спроведе вонредни аукции на државни хартии од вредност, за што го известува агентот. Вонредната аукција ги има истите карактеристики со редовната аукција со таа разлика што учесниците не се однапред информирани во календарот за денот на нејзиното одржување.

Издавачот и агентот на соодветен начин ги известуваат овластените директни учесници и индиректните учесници за времето на одржување на вонредната аукција.

### 1.6 Следење на аукција на државни хартии од вредност

Член 46

Аукциите на државни хартии од вредност ги следи издавачот.

Следењето на аукцијата опфаќа:

- примена на "правило за лимитирано учество" за одредени аукции;
- примена на минимална цена-максимална каматна стапка;
- неовластен влез во базата на податоци на електронскиот систем;
- непазарно однесување на учесниците на аукцијата и евентуално исклучување од аукциите;
- евентуални технички проблеми и внес на понуди во електронскиот систем и
- нарушување на аукцијата како резултат на постигнување на претходен договор за цените од страна на учесниците.

"Правилото за лимитирано учество" од став 2 на овој член, доколку се применува се објавува во проспектот за аукција на државни записи и/или проспектот за аукција на државни обврзници.

Во случај на примена на "правилото за лимитирано учество" секој поединечен индиректен учесник може да учествува на аукција на државни хартии од вредност само преку еден овластен директен учесник.

Минималната цена-максималната каматна стапка од став 2 на овој член, доколку се применува се објавува во проспектот за аукција на државни записи и/или проспектот за аукција на државни обврзници наместо шпекулативниот процентуален поен.

Член 47

Во случај на потреба од дополнително време за одлучување издавачот го известува агентот за промената на терминскиот план на процесот на аукција.

## 2. Регистрирање на државни хартии од вредност

Член 48

Податоците за успешните понуди за државни хартии од вредност од страна на овластените директни учесници, во свое име и за своја сметка, автоматски се содржани во електронскиот систем и не треба да се внесуваат дополнително.

Овластените директни учесници до крај на денот на одржување на аукцијата, во електронскиот систем, ги внесуваат податоците за индиректните учесници со успешни понуди, за секоја хартија од вредност

со соодветната ИСИН ознака. Тие податоци содржат:

- матичен број за правно лице, односно ЕМБГ (број на пасош-за нерезиденти) за физичко лице на имателот на државната хартија од вредност;
- назив (за правно лице) и име и презиме (за физичко лице);
- државјанство;
- адреса;
- седиште (за правно лице) или место на живеење (за физичко лице);
- држава;
- сметка во банка во Република Северна Македонија, со 15 карактери;
- номинален износ на доделени државни хартии од вредност и
- цена (кај тендер со повеќекратни цени).

Доколку овластениот директен учесник не внесе податоци за индиректните учесници со успешни понуди до крајот на денот на одржување на аукцијата, државните хартии од вредност се пренесуваат на овластениот директен учесник, кој треба да го плати износот на пренесените државни хартии од вредност.

Ставот 3 на овој член не се однесува во случај на технички проблем со електронскиот систем, кога овластениот директен учесник може да внесе податоци за индиректните учесници со успешни понуди најдоцна до 09:00 часот наредниот ден по денот на одржување на аукцијата.

Доколку имателот на државните хартии од вредност одлучи да ја промени првобитно пријавената сметка во банка на која треба му се исплати номиналната вредност на државни записи, односно, номиналната вредност и/или купонската камата на државните обврзници, писмено го известува Регистарот, но најдоцна два работни дена пред денот на достасувањето.

Член 49

По исклучок од член 48 од овој правилник, при издавање на државни хартии од вредност со специфичен назив, овластените директни учесници треба наредниот работен ден од денот на објавувањето на резултатите од аукцијата најдоцна до 14:00 часот, по електронски пат до издавачот да ги доставaт податоците за успешните понуди на државни хартии од вредност од страна на овластените директни учесници, во свое име и за своја сметка, кои се содржани во електронскиот систем, како и податоците за индиректните учесници со успешни понуди, кои се содржани во електронскиот систем и/или преку збирните извештаи разменети по електронски пат со издавачот и агентот за секоја хартија од вредност со соодветната ИСИН ознака. Тие податоци содржат:

- матичен број за правно лице, односно ЕМБГ (број на пасош-за нерезиденти) за физичко лице на имателот на државната хартија од вредност;
- назив (за правно лице) и име и презиме (за физичко лице);
- државјанство;
- адреса;
- седиште (за правно лице) или место на живеење (за физичко лице);

- држава;
- сметка во банка во Република Северна Македонија, со 15 карактери;
- номинален износ на доделени државни хартии од вредност и
- цена (кај тендер со повеќекратни цени).

Член 50

Овластените директни учесници наредниот работен ден по денот на одржување на аукцијата на државни записи (Т+1) до 12:00 часот, вршат уплата на износот на купените државни записи на сметката на издавачот.

Овластените директни учесници два работни дена по денот на одржување на аукцијата на државни обврзници (Т+2) до 12:00 часот, вршат уплата на износот на купените државни обврзници на сметката на издавачот.

Износот кој се уплатува за купените државни хартии од вредност за своја и за туѓа сметка се уплаќа со два налога за плаќање, респективно.

Формула за износот кој се уплатува: $I = P * A$

I= износ кој се уплатува
P=цена од успешната понуда
A=номинален износ од успешната понуда.

Член 51

По исклучок од член 50 од овој правилник, при издавање на државни хартии од вредност со специфичен назив, издавачот може да дефинира друг број на денови за уплата на државни записи и државни обврзници, што треба да биде наведено во проспектот.

Член 52

Издавачот врши проверка на уплатените износи на аукцираните државни хартии од вредност.

Доколку по истекот на времето од член 50 ставови 1 и 2 и член 51 од овој правилник не е извршена уплатата, агентот по налог на издавачот, врши задолжување на сметката за плаќање на овластениот директен учесник за неуплатениот износ, согласно Овластувањето за автоматско задолжување на сметката дадено од страна на овластениот директен учесник на агентот на Образец бр. 4 од Правилата на Македонскиот интербанкарски платен систем.

Доколку, пак, овластениот директен учесник уплати поголем износ на средства од износот кој треба да се уплати, издавачот го враќа повеќе уплатениот износ, најдоцна до 13:00 часот.

Член 53

До 13:00 часот на денот на уплатата, издавачот преку електронскиот систем го овластуваагентот да ги достави податоците за сопствениците на уплатените државни хартии од вредност до Регистарот.

Член 54

Агентот ги доставува податоците за имателите на уплатените државни хартии од вредност до Регистарот по електронски пат до 14:00 часот на денот на уплатата.

Член 55

По исклучок од членовите 53 и 54 од овој правилник, при издавање на државни хартии од вредност со специфичен назив, издавачот податоците од член 49 од овој правилник обезбедени од овластените директни учесници како збирен извештај истиот работен ден по електронски пат ги доставува до Регистарот.

Член 56

Државните хартии од вредност се сметаат за издадени со нивно запишување на сметки на имателите во Регистарот.

Државните хартии од вредност во домашна валута со или без девизна клаузула, на сметките на имателите во Регистарот се водат во денари.

Во известувањето доставено до имателите на државни хартии од вредност со девизна клаузула треба да е наведен номиналниот износ на државни хартии од вредност изразен во денари, како и средниот девизен курс на странската валута на Народната банка на Република Северна Македонија што важи на денот на аукцијата.

Имателите на државните хартии од вредност може да тргуваат со државните хартии од вредност на секундарен пазар, најдоцна два дена пред денот на достасување утврден во проспектот.

Секоја промена во сопственоста на државните хартии од вредност се регистрира во Книгата на иматели на државни хартии од вредност од страна на Регистарот.

## IV. ИСПЛАТА НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 57

Државните хартии од вредност достасуваат на денот утврден во проспектот за аукција на државни записи и/или проспектот за аукција на државни обврзници.

Член 58

Регистарот ја доставува Книгата на државни хартии од вредност/податоци за купонската исплата до агентот и/или издавачот по електронски пат или преку друг медиум и тоа: еден работен ден пред денот на достасување на номиналниот износ/купонот на државни хартии од вредност веднаш по завршување на порамнувањето на трговските трансакции склучени со Македонската берза за хартии од вредност.

По исклучок од став 1 на овој член, доколку денот на доставување на номиналниот износ/купонот на државни хартии од вредност е неработен ден, податоците се доставуваат првиот нареден работен ден.

Член 59

Издавачот, на денот на достасувањето, го исплатува купонот и/или номиналната вредност на достасаните државни хартии од вредност на банките за имателите, регистрирани во Регистарот еден работен ден пред денот на достасување.

Исплатата на купонот и/или номиналниот износ на достасаните државни хартии од вредност во домашна валута со девизна клаузула се врши на денот на достасување во денарска противвредност по средниот курс на странската валута од курсната листа на Народна банка на Република Северна Македонија што важи еден работен ден пред денот на исплата.

Исплатата на номиналниот износ на достасаните државни хартии од вредност со девизна клаузула се врши според следната формула:

$$I = \frac{n * 10.000 * dk_1}{dk}$$

I = Износ за исплата на главница,

n = број на државни хартии од вредност,

dk = девизен курс на странската валута што важи на денот на аукција и

$dk_1$ = девизен курс на странската валута што важи еден работен ден пред денот на исплата.

Исплата на купон на државни обврзници со девизна клаузула се врши според следната формула:

$$C = \left[ \frac{N * \frac{c}{t}}{dk} \right] * dk_1$$

Исплата на купон на државни обврзници со девизна клаузула во случај кога периодот за кој се исплатува купонска камата е различен во однос на стандардниот период за пресметка на купонот ќе се применува

следната формула:

$$C = \frac{\left(N * \frac{c}{t} * \frac{A}{e}\right) * dk_1}{dk}$$

N=главница
c=годишна купонска камата (во %)

t=број на купони годишно
A=број на денови од почетокот на купонскиот период до денот на порамнување
e=број на денови во купонскиот период во кое се случува порамнувањето,

dk = девизен курс на странската валута што важи на денот на аукција и,

$dk_1$ = девизен курс на странската валута што важи еден работен ден пред денот на исплата.

Исплатата на номиналниот износ на државните хартии од вредност се врши на банки на денот на достасување до 10:00 часот, а банките им ги ставаат на располагање исплатените средства на имателите на државни хартии од вредност, до 11:00 часот истиот ден.

Исплатата на достасаниот купон на државните хартии од вредност се врши на банки на денот на достасување до 13:00 часот, а банките им ги ставаат на располагање исплатените средства на имателите на државни хартии од вредност, до 14:00 часот истиот ден.

Доколку обврската за плаќање не се исполни како резултат на погрешно пријавена или непријавена сметка, од страна на овластениот директен учесник, во Регистарот, издавачот врши исплата само по добивање на точната сметка.

Член 60

Средствата за исплата на достасани купон и/или номиналниот износ на државни хартии од вредност, во случај на покрената постапка на стечај, ликвидација, како и ограничување на дел или на сите банкарски операции кај банка, преку која треба да се врши исплата, издавачот ги доставува за исплата преку друга банка.

Во случаите од став 1 на овој член, имателите на државни хартии од вредност имаат обврска најдоцна два работни дена пред достасувањето на купонот и/или номиналниот износ на државни хартии од вредност да го известат Регистарот за сметка од друга банка на која издавачот треба да ја изврши исплатата.

## V. КОТИРАЊЕ НА ДРЖАВНИ ОБВРЗНИЦИ

Член 61

Издадените државни обврзници се котираат на Македонската берза за хартии од вредност согласно регулативата за котирање, како и на други финансиски пазари.

## VI. ПОНИШТУВАЊЕ НА АУКЦИЈА И ОДЛОЖУВАЊЕ НА ИСПЛАТА НА ДОСТАСАНИ ОБВРСКИ ПО ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 62

Поништување на аукција и одложување на исплата на достасани обврски по државни хартии од вредност може да настане поради:

- прекин на електрично напојување;
- нефункционирање на комуникациска опрема и сервери и
- дејство на виша сила (vis major) и други вонредни околности.

При настанување на било кој од ризиците од став 1 на овој член, аукцијата на државни хартии од вредност се поништува. За датумот и времето на одржување на следната аукција на државни хартии од вредност, издавачот преку агентот дополнително ги известува овластените директни учесници.

При настанување на било кој од ризиците од став 1 на овој член, исплатата на државните хартии од вредност привремено се одложува. За датумот и времето на исплатата, издавачот дополнително ги известува овластените директни учесници.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 63

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот и постапката за издавање и исплата на државни хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 99/05, 35/07, 132/07, 68/09 и 131/09).

Член 64

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр.

Министер за финансии,
Dr. Fatmir Besimi

Скопје,